РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4183/2

19-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 55-седница одржано на ден 17.11.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-4183/1 од 15.10.2021 година, за прекршување на законските одредби во изборен процес, доставена од непознат подносител, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата, поради тоа што ДКСК веќе има постапено по пријава со исти предметни наводи и има донесено одлука од своја надлежност.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 15.10.2021 година, поднесена е пријава со наводи за прекршување на законските одредби во изборен процес - Локални избори 2021 година и оформен е предмет број 12-4183/1 од 15.10.2021 година. Во пријавата, изнесени се наводи за злоупотреба на буџетски средства за време на изборната кампања за Локалните избори 2021 година по однос на користење на службени возила на МВР - ПС Кочани за потребите на кампањата на владејачката СДСМ за делење на изборни материјали.

При разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека предметната пријава е со исти предметни наводи со пријава по која ДКСК веќе има постапено, а која е заведена под број 12-4015/1 од 15.10.2021 година и по која на 54-та седница на ДКСК одржана на ден 01.11.2021 донесена е одлука од нејзина надлежност. Со донесената одлука, со број 12-4015/2 од 05.11.2021 година, ДКСК одлучила предметната пријава да се отфрли од причина што наводите во пријавата укажуваат на злоупотреба на буџетски средства за време на изборна кампања - возила на МВР но, поради фактот што нема јасни податоци, фотографии, локација, време на случувањата, ДКСК нема механизми за надлежно постапување, а поради сериозноста на наводите пријавата е доставена на надлежно постапување на Министерството за внатрешни работи на РСМ - Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди.

Врз основа на констатираното, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Ј.Ц..
Одобрил: С.П.Д.,член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk